ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА КОРИСНИЦИ НА КАНАДСКИ ПЕНЗИИ

Почитувани,

Ве известуваме дека, согласно информацијата објавена од Владата на Канада, од јуни 2026 година, Република Северна Македонија е вклучена во листата на земји за кои е овозможен директен депозит (Direct Deposit) на средства на странска банкарска сметка.

За Република Северна Македонија е наведена исплата во евра, со користење SWIFT / BIC и соодветните податоци за банкарската сметка.

Со воспоставувањето на овој начин на исплата, корисниците на канадски пензии ќе можат да ги примаат средствата директно на својата банкарска сметка во Република Северна Македонија, без потреба од исплата на пензиските примања преку чекови.

За воспоставување на директната исплата на пензиските примања потребно да го направите следното:

- Да обезбедите точни податоци за својата банкарска сметка во Халкбанк АД Скопје во најблиската филијала;
  Доколку не поседувате девизна сметка потребно е да поднесете апликација за отворање на девизна сметка;
- Да се регистрирате за директен депозит (Direct Deposit) кај надлежната институција во Канада којашто ја врши исплатата на Вашата пензија;
- Да се информирате кај надлежната институција во Канада за начинот на прием и трошоците на конврезија во евра;
  Халкбанк АД Скопје не наплатува провизија по основ на странски пензии.

Со почит,
Халкбанк АД Скопје